РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 0802-11
12.01.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Известување за престанување со емитување на радио програма од Трговското радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп (наш арх.бр.08-4626/1 од 14.12.2023 г.), Изјавите (заверени на нотар) од управителот на радиодифузерот УЗП бр.1284/2023 од 28.12.2023 г. и од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот ТРД РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп УЗП бр.1283/2023 од 28.12.2023 г. и Заклучокот арх.бр.0201-125/3 од 11.01.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 2-та седница одржана на 11.01.2024 година, донесе

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, е имател на дозвола за радио емитување Уп1 бр.08-117 од 07.09.2023 г. (со период на важност од 05.01.2024 г. до 04.01.2027 г.), кој емитува програма преку радиофреквенции, на локално ниво, на подрачјето на општина Прилеп.

На 14.12.2023 г. ТРД РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) достави Известување за престанување со емитување на радио програма наш арх.бр.08-4626/1 од 14.12.2023 г., со кое ја извести Агенцијата дека ТРД РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп ќе работи и емитува радио програма до 31.12.2023 г., односно дека од 01.01.2024 година престанува со емитување на радио програма. Во врска со цитираното Известување, Агенцијата на 15.12.2023 година, на официјалната електронска адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во Централниот регистар на РСМ го извести наведениот радиодифузер дека согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) потребно е да достави изјави заверени на нотар од управителот на радиодифузерот и од единствениот основач/сопственик на ТРД

РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, во кои задолжително треба да биде наведено дека од 01.01.2024 г. престанува со емитување на радио програма.

На 28.12.2023 г. по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата од ТРД РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, беа доставени Изјави арх.бр.08-4626/2 од 29.12.2023 г., од управителот (заверена на нотар) на радиодифузерот, УЗП бр.1284/2023 од 28.12.2023 г., и од единствениот основач/сопственик (заверена на нотар) на ТРД РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, УЗП бр.1283/2023 од 28.12.2023 г., со кои изјавуваат дека ТРД РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп од 01.01.2024 година престанува со емитување на радио програма.

Наведениот радиодифузер нема долг кон Агенцијата.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, како и напредцитираните писмени Изјави заверени на нотар, исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот ТРД РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, Изјавите (заверени на нотар) од управителот на радиодифузерот УЗП бр.1284/2023 од 28.12.2023 г. и од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот ТРД РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп УЗП бр.1283/2023 од 28.12.2023 г., а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г. и Заклучокот арх.бр.0201-125/3 од 11.01.2024 година, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1;
- ТРД РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп;
- Управителот на ТРД РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.